ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД КУМАНОВО
# СО Ц.О. КУМАНОВО

01 2021 10 01

Скопје, октомври 2021 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 23 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на успех | 24 |
| Биланс на состојба | 25 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 26 |
| Извештај за паричниот тек | 27 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 28 - 31 |
| Сметководствени политики | 31 - 35 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 36 - 49 |

**Прилог**

Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија

ЈП - Јавно претпријатие

ЈКП - Јавно комунално претпријатие

МСС - Меѓународни стандарди за сметководство

УО - Управен одбор

ЦР - Централен регистар

ФИ - Финансиски извештаи

МФ - Министерство за финансии

в.д. - вршител на должност

ДДВ - данок на додадена вредност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-181/12

Дата: 29.10.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „Водовод“ Куманово за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Водовод“ Куманово за 2006 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на ЈП „Водовод“ Куманово изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено неговото работење.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП „Водовод“ Куманово за 2020 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- законските одредби кои се однесуваат на обврската за склучување на договори со корисниците на услугите за вода за пиење и со давателот на услугата Водостопанство Кумановско Липковско поле, за испорачаната вода, не се во целост испочитувани;
- интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени во целост со важечките законски прописи, а привремено ангажираните лица вршат редовни работни задачи и за период подолг од две години;
- основната главнина не е запишана во Централниот регистар на РСМ;

- во трговските книги евидентирани се објекти и земјиште за кои не се обезбедени документи за сопственост, а материјалните средства во подготовка не се соодветно евидентирани;
- пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен;
- проценувањето на билансните позиции не е во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, односно не се врши проценка за наплатливост на спорните и сомнителни побарувања од правните субјекти кои се во стечајна постапка, а за дел од побарувањата за кои постои голема неизвесност за нивна наплата не е извршено вредносно усогласување;
- поради ненавремено подмирување на обврските за надоместок за користење на вода и за испуштање на вода, од страна на јавното претпријатие, остварени се помалку приходи во Буџетот на РСМ во износ од 28.713 илјади денари;
- утврден е висок процент од 55% загуба на вода, како резултат на стара и дотраена водоводна мрежа, незаконско приклучување и потрошувачка, непрецизност на водомерите, нефактурирана потрошувачка и др;
- признавањето на дел од трошоците е без соодветна поткрепувачка документација.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата истакнува дека не е спроведена постапка за избор на директор на претпријатието, а во континуитет в.д. директорот и градоначалникот на општината како основач, немаат склучено договор за уредување на меѓусебните права, одговорности и овластувања. Работењето на претпријатието од 2013 година е проследено со постојана блокада на сметките што резултира со намалена ликвидност и солвентност кои имаат влијание врз целокупните процеси, искажувајќи обврски кон добавувачите и неможност за нивно навремено подмирување. Од причина што претпријатието работи со загуба, со утврдениот месечен минимум на одобрени средства со блокадата, не е во можност редовно да ги врши плаќањата спрема Општина Куманово по основ на кредитот од проектот МЕАП кој Министерството за финансии го има наплатено од општината како гарант.

Во делот на Останати прашања, ревизијата смета за потребно да укаже на потребата за поголемо ангажирање на јавното претпријатие и основачот Општина Куманово, во насока на санација на дефектите од гасната линија на пречистителната станица за преработка на дел од отпадот во ѓубриво и негов пласман.

Од страна на овластеното лице на ЈП „Водовод“ Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот, а дел од нив претставуваат известување за преземени активности за надминување на утврдените состојби.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 24 до 27 заедно со ревизија на усогласеност на Јавното Претпријатие „Водовод“ Куманово кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), Преглед за промени на капиталот и резервите за 2020 година, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи, на Јавно претпријатие „Водовод“ Куманово за 2006 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈП „Водовод“ Куманово застапувано од:

- Горан Стојковски, директор од 03.03.2015 до 03.03.2019 година и в.д. директор од 04.03.2019 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.03.2021 до 02.06.2021 година кај ЈП „Водовод“ Куманово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Водовод“ Куманово за 2006 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на ЈП „Водовод“ Куманово изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено неговото работење.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 11.06.2021 година.

На ден 05.10.2021 година, од страна на овластеното лице на ЈП „Водовод“ Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на даденото ревизорско мислење во резимето и точките 4.1.1., 4.1.3., 4.1.4., 4.1.6., 4.1.7., 4.2.4. алинеја 1 и 2, 4.2.4. алинеја 3 и 4.2.5. Истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот, а дел од нив претставуваат известување за преземени активности за надминување на утврдените состојби.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. ЈП „Водовод” Куманово е приклучено на водоснабдителниот систем од Водостопанство Кумановско Липковско Поле кое испорачува вода од хидро-мелиоративниот систем „Липково-Глажња“ до водомерите вградени во фабриката за преработка на вода. За добиената услуга на испорачана сурова вода, претпријатието на 31.12.2020 година има искажано обврски во износ од 192.623 илјади денари, кои во најголем дел потекнуваат од минати години (89%), а по основ на кои јавното претпријатие е во континуирана блокада.

Од страна на органите на раководење и управување подолг временски период не се преземени соодветни активности за склучување на договор помеѓу давателот Водостопанство Кумановско Липковско поле и корисникот на услугите ЈП „Водовод” Куманово во рамките на кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски во делот на: количината и квалитетот на испорачаната вода, подмирување на обврските и начинот на испорака на вода. Како причини за не склучување на договорот се наведуваат несогласувањата околу дефинирање на точките на снабдување со вода[1] и негово локациско поставување, како и високите цени кои со години се фактурираат од страна на водостопанското претпријатие. Ваквата состојба, на нерегулирани меѓусебни права и обврски помеѓу давателот и корисникот на услугите, не е во согласност со член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и создава ризик по работењето на јавното претпријатие, висината на влезните трошоци при формирање на цената на услугите од надлежното регулаторно тело и неквалитетно извршување на услугите.

Препорака:
Надлежните органи на управување и раководење со претпријатиeто во соработка со давателот на услугата да пристапат кон склучување на договор за уредување на меѓусебните права и обврски.

4.1.2. Согласно Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, во членот 48 е пропишана обврска, давателот и корисникот на услугите да ги уредат меѓусебните права и обврски со склучување на договори.

Со извршениот увид во Biling системот (систем за изработка на сметки и наплата на побарувања од домаќинства и правни лица), констатиравме дека јавното претпријатие со 51% од корисниците (физички лица) на услугите има склучено договори, а во делот на регулирање на односите со корисниците (правни лица), софтверот не може да обезбеди податоци за бројот на склучени договори, со што е извршено ограничување на делокругот на ревизијата.

Непочитувањето на законските одредби, односно недефинираните должничко доверителски односи создаваат ризик од неизвесност во наплатата на извршените услуги како и ризик од непречено остварување на правата и обврските на давателот и на корисниците на услуги.

Препорака:
Надлежните органи на раководење и управување со ЈП „Водовод“ Куманово да склучат договори со сите корисници на водните услуги и да извршат евиденција на корисниците (правни лица) во постојниот систем.

[1] захватниот приклучок на вода

4.1.3. Од извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Начинот на пресметка и исплата на плата во ЈП "Водовод" Куманово е уреден со Правилникот за плати, донесен од страна на Управниот одбор на јавното претпријатие во 2019 година, кој не е усогласен со важечката законска регулатива во делот на основната компонента на плата за ниво. За административните службеници (подгрупа јавни службеници), делот на плата за нивото на кое се распоредени, се вреднува со број на бодови за секое ниво, кои не се во согласност со бодовите предвидени во членот 87 став 3 од Законот за административни службеници.
- За тековната 2020 година, пресметувањето на плата во ЈП "Водовод" Куманово се врши врз основа на Одлука за усогласување на вредноста на бод, донесена во месец октомври 2019 година, што не е во согласност со член 88 од Законот за административни службеници, кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

  Недостатоците констатирани во делот на интерните акти за пресметка на плата доведува до отстапување на платите утврдени за административните службеници на територијата на РСМ.
- Во услови кога вработените користат боледување, за пресметка на делот на плата за работен стаж се земаат и часовите за времето поминато на боледување, што не е во согласност со член 5 и 23 од Правилникот за плата, надоместоци на плата и други надоместоци на вработените во ЈП „Водовод“ Куманово[2]. Ваквиот начин на постапување доведува до исплата на поголеми парични средства на годишно ниво, а со тоа и реализација на поголеми трошоци за плата.

**Препорака:**

Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за:

- усогласување на Правилникот на плати со важечките законски прописи во делот на основната компонента на плата за ниво и секоја година да се доставува предлог до основачот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во законски предвидениот рок;
- пресметката на делот на плата за работен стаж кога вработениот користи боледување, да се пресметува согласно Правилникот.

[2] Правилник и измени на Правилникот за плата, надоместоци на плата и други надоместоци на вработените во ЈП „Водовод“ Куманово бр.02-1794/6 од 29.11.2019 и бр.02-2022/8 од 26.12.2019

4.1.4. Во текот на 2020 година преку Приватна агенција за вработувања по основ на привремено ангажирани лица во ЈП „Водовод” Куманово, искажани се трошоци во износ од 9.409 илјади денари. Со увид во приложената документација, ревизијата констатира дека во период од 2018 - 2020 година, бројот на ангажирани лица по овој основ се движи од 33-40. Лицата се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а дел од нив, се ангажирани континуирано за период подолг од две години. Ваквиот начин на ангажирање на лица, не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин, што укажува на намалена транспарентност при вработувањето и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи на претпријатието.

Ревизијата не дава препорака бидејќи во текот на 2021 година, спроведена е постапка за вработување на 34 работници на неопределено време, согласно предвидените работни места во Правилникот за систематизација на работни места.

4.1.5. Согласно одредбите од член 213 од Законот за водите, висината на надоместокот за користење на вода наменета за консумирање од страна на човекот, за потребите на одбраната и за напојување на добиток изнесува 2% од утврдената цена за метар кубен вода од давателот на услугата за снабдување со вода. Обврзник за плаќање на надоместокот е секое правно или физичко лице кое користи вода од водоснабдителен систем, а надоместокот го пресметува правното лице кое управува со водоснабдителниот систем и го наплатува при наплата на цената за извршена услуга за снабдување со вода, прикажувајќи го одвоено во сметката за извршена услуга. Правното лице е должно еднаш месечно да го уплати надоместокот на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Исто така, со одредбите од член 214 од постојниот закон со кои е регулирана висината и начинот на плаќање на надоместокот за испуштање на отпадни води и испуштање и фрлање на отпадни материи и супстанции во површински и подземни води, надоместокот од 1% од утврдената цена на услугата од давателот на услугата за собирање и прочистување на отпадните води, го пресметува правното лице кое управува со системот за одведување и пречистување на отпадни води, врз основа на количината на водата што е испуштена во системот и го наплатува при наплата на цената за извршена услуга, прикажувајќи го одвоено во сметката за извршена услуга. Правното лице е должно еднаш месечно да го уплати наплатениот надоместок на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

По овие основи, заклучно со 31.12.2020 година, претпријатието има искажано обврски во износ од 23.942 илјади денари за надомест за користење на вода и

4.771 илјада денари за надомест за испуштање на вода. Наведените салда потекнуваат од неплатени обврски за период од 2013 до 2020 година, кои претпријатието започнува да ги подмирува од 2019 година. Ненавременото плаќање на доспеаните обврски има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на РСМ во вкупен износ од 28.713 илјади денари, по основ на надоместок за користење на вода и надоместок за испуштање на води.

Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење на претпријатието да преземат мерки и активности за навремено подмирување на обврските на име надомест за користење и испуштање на вода.

4.1.6. Во текот на 2020 година, по склучени договори[3] ЈП „Водовод” Куманово има набавено гориво за потребите на своите моторни возила, во вредност од 630 илјади денари. Набавките се вршени преку безготовински Верна картички кои се издадени на претпријатието, и истите се распределени согласно потребите на соодветните служби.

Со увид во налозите за користење на службените моторни возила, утврдени се одредени слабости при нивно изготвување, односно нецелосно пополнување во делот на: намената на користење, службеното дејство што е извршено, потпис од овластеното лице, местото и времето на поаѓање и враќање, број на поминати километри, почетна и крајна состојба на километри. Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна и поткрепувачка документација не е во согласност со член 469 и 472 од Законот за трговските друштва и може да доведе до несоодветно потрошени средства.

Во текот на ревизијата, од страна на раководното лице во претпријатието доставена е Наредба[4] со која се укажува на потребата вработените кои управуваат со лесни и тешки моторни возила задолжително да ја евидентираат километражата при пополнување на патните налози и налозите за требување на гориво.

Препорака:

Одговорните лица во ЈП „Водовод" Куманово да донесат пишана процедура со која ќе се регулираат условите и начинот на користење на службените возила, како и делегирање на контролни активности на лицата инволвирани во процесот.

[3] Бр.05-614/9 од 10.05.2019 и бр.05-803/1 од 12.05.2020 година
[4] Наредба бр. 02-1157/1 од 01.06.2021 година

4.1.7. ЈП „Водовод“ Куманово нема основано единица за внатрешна ревизија, ниту има предвидено со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, што не е во согласност со член 30 и 31 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Како причина за непочитувањето на законските одредби, од одговорните лица се наведува дека Општина Куманово како основач, има вршено ревизија за работењето на претпријатието заклучно за 2017 година. Отсуството на единица за внатрешна ревизија не обезбедува независно, разумно и објективно уверување и насоки за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Препорака:

Надлежните органи на претпријатието да преземат активности во однос на систематизирање на единица за внатрешна ревизија во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и нејзино функционирање.

## 4.2 Финансиски извештаи

4.2.1 Со извршениот увид во документацијата која се однесува на капиталот на јавното претпријатие, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на РСМ, не е извршен упис на основната главнина на ЈП „Водовод” Куманово.
- Според трговските книги на 31.12.2020 година, вредноста на капиталот изнесува 273.655 илјади денари, состојба кој потекнува од минати години (периодот на основање), а за која надлежните служби не располагаат со поткрепувачка документација за видот и основот на евидентирање.
- На барање на јавното претпријатие, а постапувајќи по препораката дадена во Конечниот ревизорски извештај за 2006 година, за утврдување на објективната вредност на главнината и нејзин упис во Централниот регистар, извршена е проценка на средствата, обврските и капиталот со состојба на 31.12.2007 година, од страна на овластен правен субјект за проценка, за што е изготвен Извештај во јуни 2008 година. Врз основа на податоците добиени од проценката, вредноста на основачкиот влог на Општина Куманово во ЈП „Водовод“ Куманово е утврдена на 1.760.490 илјади денари, врз основа на која е поднесено Барање[5] до Централниот регистар, за упис на основачкиот влог, но истото е одбиено со образложение дека недвижниот имот во приложениот имотен лист[6] не е

[5] бр.08-166/1 од 23.09.2008 година
[6] бр.36886

во сопственост на Општина Куманово, односно недостасуваат докази за недвижните ствари, подвижните ствари и уплата на паричен влог од страна на основачот. Претпријатието иако го обжалува решението до второстепената комисија за жалби, жалбата е одбиена и до денот на известување не се преземени дополнителни активности за упис на главнината на јавното претпријатие.

Ваквата состојба не е во согласност со член 298 од Законот за трговските друштва и член 4 - б од Законот за јавните претпријатија и не дава уверување за реално и објективно прикажување на основачкиот влог на претпријатието, искажан во трговските книги и ФИ за 2020 година.

Препорака:

Органите на управување и раководење на јавното претпријатие во соработка со основачот Општина Куманово да преземат конкретни мерки за утврдување на сопственичкиот статус на недвижниот имот со кој располага претпријатието и да се изврши упис на основачкиот влог на претпријатието во Централниот регистар на РСМ.

4.2.2 На позицијата Материјални средства во Билансот за состојба на ден 31.12.2020 година, искажана е вредност во износ од 583.971 илјада денари. Со извршениот увид во материјалната, сметководствената евиденција и прилог документација, ги констатиравме следниве недоследности:

- Евидентирано е земјиште со вредност од 766 илјади денари, состојба која потекнува од 2003 година, а за која нема прилог поткрепувачка документација за сопственоста, видот, типот и површината на земјиштето.
- Градежни објекти се проценети во износ од 454.446 илјади денари, без документација за докажување на сопственичкиот статус (имотен лист) и правото на управување со недвижностите. Со цел утврдување на правниот статус на категоријата на објекти кои ги користи јавното претпријатие за вршење на својата дејност, во текот на 2018 година до Општина Куманово - Сектор за урбанизам има поднесено 63 барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за водоснабдителниот систем (водоводна, атмосферска и фекална мрежа). Во 2019 година, барањата целосно се одбиени поради недоставени геодетски елаборати за утврдување на фактичката состојба на бесправен објект како што е предвидено во член 2 став 4 од Законот за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти[7]. Со таквото постапување јавното претпријатие ја пропуштило можноста согласно закон да изврши легализација на бесправно изградените објекти и да го регулира правото на сопственост.

[7] Сл. весник на РМ бр.190/2017

Ваквиот начин на водење на материјалните средства, не е во согласност со МСС 16 точка 7, 31, 32 и 33 и член 472 од Законот за трговски друштва и не дава уверување за реалноста и објективноста на искажаната вредност на имотот со кој располага претпријатието.

Препорака:

Одговорните лица на ЈП „Водовод” Куманово во соработка со основачот Општина Куманово да преземат конкретни мерки за утврдување на правниот статус на земјиштето и градежните објекти и нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности.

4.2.3 Во трговските книги и финансиски извештаи на претпријатието, позицијата материјални средства во подготовка на ден 31.12.2020 година е проценета во износ од 113.932 илјади денари, состојба која потекнува од минати години, а се однесува на дистрибутивната мрежа. Иако, дистрибутивната мрежа е завршена и се користи од 2003 година, поради недостаток на поткрепувачка документација (договор, времени и завршна ситуација, документ за правниот статус, записник за примопредавање на изведена градба, технички преглед), истата не е евидентирана на соодветните позиции на Материјални средства во употреба и не е пресметана амортизација од денот на нејзино ставање во употреба. Во финансиските извештаи за 2019 и 2020 година е укажано дека иако со Одлука[8] на Управниот одбор, формирана е Комисија за попис на материјалните средства во подготовка, која требала да ја утврди фактичката состојба, степенот на довршеност на инвестицијата и да обезбеди уредни и веродостојни документи кои ќе потврдат дека се исполнети условите за нејзино ставање во употреба, комисијата нема изготвено извештај.

Ставањето во употреба на објект без извршен технички преглед, без одобрение за употреба и записник за примопредавање, не е во согласност со членовите 89, 90, 93 и 95 од Законот за градење и создава ризик од одредени недостатоци кои би ги нарушиле основните барања на градбата, а не дава разумно уверување за објективно и реално прикажување на состојбите на билансните позиции во трговските книги и ФИ за 2020 година.

Препорака:

Надлежниот орган за раководење со претпријатието да ги преземе потребните активности за обезбедување на уредни и веродостојни документи за материјалните средства во подготовка, по што ќе се изврши нивно соодветно евидентирање.

[8]бр. 02-1794/9 од 24.11.2016 година

4.2.4 Управниот одбор има донесено Одлука со која се формираат пописни комисии[9], по што е спроведен попис на средствата и обврските, изготвен е Извештај од извршен попис за 2020 година[10] и со Одлука е усвоен од страна на Управниот одбор[11].

Со извршениот увид во целокупниот пописен материјал, ревизијата констатира непочитување на одредбите од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и ги утврди следниве состојби:

- за земјиштето во износ од 766 илјади денари не е извршен попис, а во пописните листи за градежните објекти во износ од 454.446 илјади денари не се внесени податоци со кои целосно ќе се утврди нивната фактичка состојба (вредност, квадратура, и др), со цел да се утврдат евентуалните оштетувања, дополнителни вложувања и дали се работи за средства кои заеднички се користат;
- за материјалните средства во подготовка искажани во трговските книги во износ од 113.392 илјади денари не е извршен попис со цел да се утврди степенот на довршеност на инвестицијата, односно да се изврши усогласување со евидентираните времени ситуации и периодот на започнување и денот кога инвестицијата е завршена;
- за обврските спрема вработените искажани во износ од 1.430 илјади денари, не е извршен попис, односно пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на обврските врз основа на интерна документација.

Утврдените состојби не се во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и членот 4, 7, и 12 од Правилникот за начин на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис, што има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2020 година.

**Препорака:**

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да ги задолжат пописните комисии да направат целосен попис на средствата и обврските и да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со Правилникот.

4.2.5 Во трговските книги и ФИ со состојба 31.12.2020 година, претпријатието има искажано побарувања од купувачите во земјата намалени за вредносното усогласување на истите, во износ од 378.496 илјади денари. Со извршената

[9] Одлука бр.02-1631/8 од 27.11.2020 година
[10] Извештај за извршен годишен попис за 2020 година, бр.0314/33 од 11.02.2021 година
[11] Одлука бр.02-294/3 од 12.02.2021 година

анализа на побарувањата, старосната структура, како и преземените мерки за нивна наплата, ревизијата го констатира следното:

- На позицијата Побарувања од купувачи во земјата евидентиран е износ од 86.917 илјади денари. Со анализа на старосната структура, 16.161 илјада денари се ненаплатени побарувања постари од една година, од кои само за 25% се преземени активности за нивна наплата, односно во текот на 2020 година утужени се побарувањата во износ од 4.119 илјади денари (за физички лица во износ од 1.829 илјади денари, а за правни лица во износ од 2.290 илјади денари).
- Од вкупните Спорни и сомнителни побарувања во износ 332.812 илјади денари, 319.100 илјади денари претставуваат почетна состојба од минати години, а се однесуваат на побарувања од 2005 - 2019 година и тоа: од физички и правни лица по основ на испорака на вода, вонсудска наплата на долг и побарувања од купувачи во стечајна постапка. Иако 13.829 илјади денари се однесуваат на застарени побарувања од правни субјекти кај кои стечајната постапка е завршена или сеуште е во тек, јавното претпријатие нема извршено проценка за нивната наплатливост, како основа за понатамошно постапување со истите.
- На сметката Останати побарувања во износ од 1.622 илјади денари, искажани се побарувања по основ на надомест на штета за злоупотреба на службената положба и овластување, извршена од страна на вработени во текот на 2013 година. Раководното лице на претпријатието има донесено Одлука за формирање на комисија за утврдување и наплата на штета од извршените незаконски активности на вработените[12], преземени се активности за покренување на судски постапки, донесени се извршни судски пресуди и предметите се дадени на извршител на наплата, но побарувањата сеуште не се наплатени. И покрај големата неизвесност за нивна наплата во целост, истите не се евидентирани на сметката сомнителни и спорни побарувања, со што ќе се зголемат трошоците на работењето.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност МСС - 39 точка 58 и 59 и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва и има за резултат необјективно искажување на побарувањата од купувачите и трошоците на работење во ФИ за 2020 година.

**Препорака:**
Одговорните лица во претпријатието да преземат активности за:

- навремена наплата на побарувањата;
- оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен

[12] Одлука бр. 04-310/11 од 01.03.2012 година за формирање на комисија за утврдување и наплата на штета од извршените незаконски активности на вработените

акт за постапување.

4.2.6 ЈП „Водовод“ Куманово како носител на водоснабдителната дејност, со цел обезбедување на податоци за состојбата на производството на вода и нејзината потрошувачка, применува стандарден Воден биланс, воспоставен согласно методологијата на Меѓународната асоцијација за вода (IWA). Со воведување на водниот биланс се овозможува контрола и анализа на дистрибуцијата на водата, преку пумпните станици, филтерските станици, сите видови на цевководи, се до крајните потрошувачи.

Со увид во податоците искажани во Прегледот на остварен физички обем на производство и услуги за 2020 година, утврдивме постоење на висок процент на загуба на вода. Имено, во водоснабдителниот систем (влезниот волумен на вода) испорачани се 8.186.830 м$^3$ вода за пиење, а фактурирани се 3.665.340 м$^3$ до крајните потрошувачи, што претставува загуба на вода од 55,2%. Регистрираната загуба е резултат на физичките загуби на претпријатието од влезниот волумен на вода во системот и комерцијалните загуби како резултат на: стара и дотраена водоводна мрежа, незаконско приклучување и потрошувачка, непрецизност на водомерите и др. Дел од комерцијалните загуби се однесуваат и на нефактурираната потрошувачка на вода кон Општина Куманово, која се користи за потребите за градот (паркови, зелени површини, чистење, фонтани за пиење) и паѓа на товар на ЈП „Водовод“ Куманово. И покрај тоа што од страна на одговорните лица се преземаат мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода, претпријатието не успеало да ја намали загубата на вода која се испорачува до корисниците.

Остварениот физички обем на производство и услуги и загуба на вода за период од 2016 до 2020 година е прикажан на следниот графикон.




Утврдената разлика помеѓу фактурираната и испорачаната вода (загуба на вода) има влијание на остварените приходи на претпријатието, на финансискиот резултат, пресметаниот данок на додадена вредност и надоместокот за користење на вода (2%).

**Препорака:**

Надлежните органи на раководење и управување со ЈП „Водовод” Куманово да преземат мерки и активности за:

- отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем;
- точно утврдување на количините кои се однесуваат за потребите на општината (паркови, зелени површини, чистење, фонтани) преку поставување на соодветни мерни инструменти/водомери и кон фактурирање на истите.



*Филтер станица при ЈП „Водовод" Куманово*

## 4.3 Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ЈП „Водовод“ Куманово за 2020 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 34 постапки за јавни набавки, од кои 14 постапки за јавни набавки спроведени во 2020 година, и 20 постапки за јавни набавки спроведени во 2019 година, а имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вкупната вредност на ревидираните договори е во износ од 122.887 илјади денари, од кои 51.570 илјади денари од 2020 година, односно 56,11% од вредноста на склучените договори и 71.317 илјади денари од 2019 година односно 83,5% од вредноста на склучените договори.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација го утврдивме следново:

4.3.1. Во 2019 година, склучен е договор[13] за набавка на услуги за сервисирање на пумпи во одделението за Пречистителна станица за потребите на ЈП „Водовод“ Куманово, за период од една година со вкупна вредност од 3.744 илјади денари со пресметан ДДВ. Во тековната 2020 година, носителот на услугата извршил замена на резервни делови во износ од 1.559 илјади денари со ДДВ.

Со извршениот увид, ревизијата констатира дека извршените услуги не се поткрепени со соодветна документација, односно кон фактурите приложен е налог кој не е верификуван од овластено лице и не се достасува записник од извршената услуга. Ваквиот начин на признавање на трошоците не соодветствува на одредбите од член 5 од договорот каде е пропишано дека услугата ќе се врши исклучиво со налог од договорниот орган, потпишан од одговорно лице, а извршувањето на услугата ќе се смета за завршена по потпишување на записник за извршена услуга од двете страни.

Признавањето и евидентирањето на трошоци без целосна и веродостојна документација не е во согласност со член 469 и 472 од Законот за трговските друштва и одредбите од договорот и не дава уверување за соодветно користење на средствата на претпријатието.

Препорака:

Одговорните лица во ЈП „Водовод" Куманово, евидентирањето на трансакциите во трговските книги да го вршат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените точки 4.1, 4.2 и 4.3 кои се основ за изразување мислење, а се однесуваат на:

- нерегулирани меѓусебни права и обврски со корисниците и давателите на услуги,
- неправилности во пресметка и исплата на платите и привремено ангажирани лица за вршење на редовни работни задачи,
- не запишана основна главнина во ЦР на РСМ, евидентирани објекти и земјиште за кои не се обезбедени документи за сопственост, несоодветно евидентирани материјални средства во подготовка, нецелосно и неправилно спроведен попис, несоодветно постапување со сомнителните и спорните побарувања,
- ненавремено подмирување на обврските во износ од 28.713 илјади денари, за надомест за користење на вода и за испуштање на вода,
- висок процент на загуба на вода и помалку остварени приходи,
- отсуство на внатрешна ревизија,

[13] Бр.05-1555/1 од 15.10.2019 година

- признавање на дел од расходите без соодветна поткрепувачка документација,
- неправилности во реализацијата на јавните набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП „Водовод“ Куманово на ден 31 декември 2020 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП „Водовод“ Куманово, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со ЈП „Водовод” Куманово раководи директор именуван со Решение[14] од градоначалникот на Општина Куманово со мандат од 4 (четири) години. Од денот на истекот на мандатот, 04.03.2019 година до денот на известувањето, градоначалникот нема објавено конкурс за избор на директор и со решенија[15] истото лице последователно на шест месеци го именува за вршител на должност директор. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од член 19-а од Законот за јавни претпријатија, со кои е уредено дека градоначалникот на општината, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Исто така, не е испочитувана обврската утврдена во член 24 од Законот за јавни претпријатија за склучување на договор помеѓу директорот и градоначалникот на општината, за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

[14] Решение бр.08-1953/5 од 03.03.2015 година за избор на директор на ЈП „Водовод“ Куманово
[15] Решение бр.08-1552/1 од 04.03.2019 година, Решение бр.08-5919/ 1 од 05.09.2019 година, Решение бр.08-2161/ 1 од 06.03.2020 година, Решение бр08-5583/ 1 од 07.09.2020 година, Решение 08-2062 од 08.03.2021 година за именување на вд.директор на ЈП „Водовод“ Куманово

Именувањето на вршител на должност директор во континуитет од две години, без спроведен јавен оглас не обезбедува транспарентност и конкуренција за избор на лице за вршење на оваа функција и има влијание врз управувањето и раководењето со претпријатието. За надминување на ваквата состојба, градоначалникот на Општина Куманово треба да ги преземе потребните активности за спроведување на постапка за избор на директор со кој ќе склучи менаџерски договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.

6.2. ЈП „Водовод” Куманово го извршува платниот промет преку повеќе трансакциски сметки отворени во повеќе носители на платниот промет.

Од 2013 година, претпријатието е во постојана блокада поради издадени повеќе решенија за присилна наплата, по основ на ненавремено подмирување на обврски за: потрошена технолошка вода наменета за водоснабдување на системот, потрошена електрична енергија и други основи. Заклучно со 31.12.2013 година вкупен износ на блокада изнесува 55.493 илјади денари. За да не се доведе во прашање извршувањето на основната дејност од јавен интерес и опстојувањето на претпријатието, од страна на доверителот е побарано да се изврши економско вештачење на средствата на претпријатието за да се утврди дали и за колкав дел е потребно изземање на дел од средствата, неопходни за вршење на неговата основна дејност. По добиен вешт наод и мислење од 13.01.2014 година, Основниот суд Куманово на ЈП „Водовод” Куманово, му утврдува месечен минимум во износ од 13.989 илјади денари за функционирање на претпријатието. Ако се земат во предвид трошоците неопходни за основната дејност и тоа: за обезбедување на сирова вода, електрична енергија, бруто плата на редовно вработените, кои на месечно ниво изнесуваат приближно 10.448 илјади денари, утврдениот минимум не му овозможува на претпријатието во целост да ги извршува своите тековни активности и да ги подмирува обврските кон доверителите што доведува вкупниот износ на блокада, заклучно со 31.12.2020 година, да изнесува 144.795 илјади денари. Во 2021 година, изготвен е нов вешт наод и утврден е износ од 15.465 илјади денари, парични средства на месечна основа, но овој минимум до денот на известување сè уште не е во сила.

6.3. Со заемот од Европска Банка за обнова и развој од 2020 година, за финансирање на проектот МЕАП - Акциона програма за унапредување на општините и животната средина, за Општина Куманово планирана е набавка на опрема и изведување на работи за модернизација на системот за водоснабдување и отпадна вода во делот на: обнова на мрежата на дистрибуција преку набавка на водомери помошни цевки и вентили, поставување на мерачи на проток, надградба на извори и резервоари, изградба на дополнителен бунар, надградување на објекти, обнова и проширување на канализационата мрежа главен колектор и пречистителна станица.

За реализација на наведените активности на претпријатието одобрени се 4.083.000 евра, со рок на отплата од 15 години, грејс период од 4 години и варијабилна каматна стапка - ЕУРИБОР плус 1%. Поради неможност од плаќање на достасаните обврски, склучена е Спогодба[16] за регулирање на начинот на исплата на долгот на ЈП „Водовод” Куманово и Општина Куманово кон Буџетот на РСМ, согласно која наплатените доспеани обврски за кои МФ извршило плаќање кон странскиот кредитор, зголемени за камата, договорните страни заемно прифатиле да се отплатат на 36 месечни рати почнувајќи од 01.03.2013 до 31.12.2015 година. Во Спогодбата е уредено дека доколку претпријатието, не врши навремена отплата на репрограмираниот долг, МФ ќе ги примени мерките за наплата на средствата од општината како основач, согласно член 4 и 25 од Законот за јавен долг.

Поради намалената динамика на сервисирање на репрограмираниот долг, МФ врши наплата од сметката на Општина Куманово, поради што истата во неколку наврати е блокирана, а по истиот основ претпријатието го враќа платениот износ на општината. Во текот на 2019 година, вкупниот долг по основ на заемот е вратен, а јавното претпријатие и должи на општината 170.786 илјади денари на име долг и затезна камата. Со увид во трговските книги, ревизијата констатира дека претпријатието во текот на 2020 година, редовно не ги сервисира обврските кон општината по овој основ.

6.4. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на ЈП „Водовод” Куманово утврден е распоред и опис на работните места на административните службеници и давателите на услуги. Со увид во доставената документација за докажување на исполнувањето на посебните услови за сите категории на вработени, ревизијата констатира дека вкупно 19 вработени лица не ги исполнуваат посебните услови за стручни квалификации во однос на видот и степенот на образование за нивото на работно место на кое се распоредени. Согласно член 10 од Законот за изменување и дополнување на законот за вработените во јавниот сектор[17] и член 29 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници[18], за овие вработените предвидено е во рок од седум години од денот на отпочнување со примена на овој закон да го исполнат условот, а во спротивно најдоцна до март 2022 година, треба да се распоредат на други работни места за кои ги исполнуваат условите. Од страна на надлежните лица во претпријатието, доставен е доказен материјал за 6 вработени кои започнале да се дообразуваат, додека за останатите 13 вработени не се преземени мерки и активности за исполнување на посебните услови за стручна квалификација, во однос на видот и степенот на образованието.

[16] бр. 09-14/12 од 13.06.2013 за регулирање на начинот на исплата на долгот на ЈП „Водовод” Куманово и Општина Куманово кон Буџетот на РСМ
[17] Сл. весник на РМ бр.199/14
[18] Сл. весник на РМ бр.119/14

Доколку вработените во наредниот период до законски предвидениот рок не ги исполнат условите предвидени за соодветното работно место, истите треба да се прераспределат на други работни места, соодветни за нивните квалификации, што ќе создаде ризик од недоволна кадровска екипираност за извршување на основните активности на претпријатието.

## 7. Останати прашања

7.1. Пречистителната станица за отпадни води функционира од 2008 година, изградена е со средства од грант добиен од Владата на Швајцарската Конфедерација, како дел од програмата МЕАП. Со функционирањето на пречистителната станица овозможено е систематско и непосредно одведување на отпадните води од домаќинствата и правните лица во општината и нивно пречистување, до степен на квалитет на вода од втора категорија, односно техничка вода која е дозволена за испуштање во реципиентот. На овој начин се овозможува подобрување на квалитетот на површинските и подземните води во градот и унапредување на животната средина. Станицата има капацитет од 18.000 $м^3$/ ден. просечен доток и работи просечно со 65% од својот капацитет. Волуменот на пречистена вода од пречистителната станица е околу 6.5-7 милиони $м^3$/годишно. Овој волумен годишно вклучува околу 3 милиони $м^3$ од инфилтрирана подземна вода и атмосферски води кои што влегуваат во канализациониот систем.

При процесот на пречистување на отпадните води на територијата на Општина Куманово и добивање на пречистена вода од втора категорија, се произведува отпад - гас и обезводена мил (кал), при што гасот може да се користи за производство на електрична енергија за дел од потребите на Пречистителната станица и за загревање, а милта како ѓубриво. Меѓутоа оваа активност не може во целост да се реализира бидејќи со години не е извршено санирање на дефектите на гасната линија која опфаќа: дигестор за производство на био гас со милна линија поврзана со потреби на дигесторот за рециркулација и загревање на милта, резервоар за складирање на био-гас, комбинирани гасни генератори за производство на електрична енергија и загревање на самиот дигестор. Во сите програмски документи, е планирано производство и можен пласман на приближно 5.100 $м^3$ мил. Но милта, се уште не може да биде профитабилна, бидејќи нема добиено третман на ѓубриво кое може да се користи во земјоделството и шумарството од причина што претпријатието сеуште ги нема извршено потребните анализи за присуство на патогени бактерии штетни за здравјето на луѓето и присуство на тешки метали. Од тие причини управувањето со милта е ограничено мал дел на нејзино одлагање е на одредена локацијата на пречистителната станица, а останатиот дел се одлага на градска депонија. Преземањето и одлагањето на милта во градската депонија го извршува ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово. Ревизијата укажува на потребата за поголемо ангажирање на јавното претпријатие и основачот

Општина Куманово во насока на извршување на санација на опремата која со години претпријатието не е во можност да ја сервисира, а со тоа ќе се овозможи и реализација на поголем приход за претпријатието.



*Пречистителна станица при ЈП „Водовод" Куманово*

ЈП „Водовод“ Куманово

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло - женија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на неповрзани друштва | 3.1. | 180.236 | 181.518 |
| Останати приходи | 3.2. | 39.716 | 37.632 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **219.952** | **219.150** |
| Трошоци за суровини и други материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 3.3. | 48.997 | 50.973 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 7.189 | 8.331 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5. | 91.677 | 85.324 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 45.330 | 45.805 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 17.306 | 16.584 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8. | 394 | 433 |
| Останати расходи | 3.9. | 920 | 559 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **211.813** | **208.009** |
| Финансиски приходи | 3.10. | 2.299 | 1.893 |
| Финансиски расходи | 3.11. | 35.702 | 11.907 |
| **Загуба од редовно работење** | 3.12. | **(25.264)** | **1.127** |
| **Данок од добивка** | | **-** | **182** |
| **Нето добивка/загуба** | 3.13. | **(25.264)** | **945** |

ЈП „Водовод“ Куманово

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло - женија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 26.543 | 23.860 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 378.496 | 365.421 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3 | 257 | 1.471 |
| Побарувања од вработените | 4.4 | 106 | 73 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.5 | 293 | 307 |
| Залихи | 4.6 | 16.991 | 16.604 |
| **Вкупно тековни средства** | | **422.686** | **407.736** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.7 | 111 | 330 |
| Материјални средства | 4.8 | 583.971 | 622.549 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **584.082** | **622.879** |
| **Вкупна актива** | | **1.006.768** | **1.030.615** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.9 | **79.118** | **-** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.10 | 462.346 | 419.206 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.11 | 441 | 234 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.12 | 29.205 | 27.701 |
| Обврски спрема вработените | 4.13 | 1.430 | 25 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.14 | 5.690 | 6.231 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.15 | 343.296 | 376.309 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **842.408** | **829.706** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | | - | 11.285 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **-** | **11.285** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина -запишан и уплатен капитал | 4.16 | 273.655 | 273.655 |
| Пренесена загуба | 4.17 | (84.031) | (84.976) |
| Добивка од тековна година | | - | 945 |
| Загуба од тековна година | 4.18 | (25.264) | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **164.360** | **189.624** |
| **Вкупна пасива** | | **1.006.768** | **1.030.615** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.19 | **79.118** | **-** |

ЈП „Водовод“ Куманово

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Пренесена загуба | Добивка од тековна година | Загуба за финансиска година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 јануари 2020** | 273.655 | (84.976) | 945 | - | **189.624** |
| Загуба од тековна година | | | | (25.264) | (25.264) |
| Покривање на загуба | | 945 | (945) | | - |
| **Состојба на ден 31. декември 2020** | **273.655** | **(84.031)** | **-** | **(25.264)** | **164.360** |

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод“ Куманово | |
| | |
| | |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2020 ГОДИНА | |
| | |
| | во 000 денари |
| | 2020/2019 |
| | |
| **Готовински текови од оперативно работење** | |
| **Нето загуба** | **(25.264)** |
| Амортизација | 45.330 |
| Отпис на побарувања од купувачи | 394 |
| Вредносно усогласување | 75 |
| **Готовински текови од работење** | **20.535** |
| **Промени во оперативните средства и обврски:** | |
| Побарувања од купувачи | (13.075) |
| Побарувања од државни органи и институции | 1.214 |
| Побарувања од вработените | (33) |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 14 |
| Залихи | (387) |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 43.140 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 207 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 1.504 |
| Обврски спрема вработените | 1.405 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | (541) |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | (33.013) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **20.970** |
| | |
| **Готовински текови од инвестиционо работење** | |
| Нематеријални и материјални средства | (7.002) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(7.002)** |
| | |
| **Готовински текови од финансиско работење** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (11.285) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(11.285)** |
| | |
| **Нето зголемување на парични средства** | **2.683** |
| | |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **23.860** |
| | |
| **Парични средства на крајот на годината** | **26.543** |

Јавно претпријатие ВОДОВОД ц.о.
Ndermarrja publike VODOVOD c.o.
Бр.Nr. 03-1111/7
28.09. 2021 год.viti
KUMANOVO - KUMANOVË

ПРЕЗЕМЕНА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 05.10.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| | 17-181/11 | | |

До

Државен завод за ревизија

# З А Б Е Л Е Ш К И

на Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавно претпријатие Водовод Куманово со Ц.О Куманово бр.17-181/9 од 27.08.2021 година

Јавното претпријатие Водовод Куманово разгледувајќи го нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Јавно претпријатие Водовод Куманово со Ц.О Куманово бр.17-181/9 од 27.08.2021 година ги има следните забелешки:

Во резимето на нацрт извештајот со извршената ревизија за 2020 година Државниот завод за ревизија изразил неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива,упатства и воспоставени политики.

ЈП Водовод смета дека финансиските извештаи за 2020 година се реални и објективни,во истите се прикажани реалните состојби во работењето на претпријатието.

Со извршената ревизија за 2020 година Државниот завод за ревизија констатира дека законските одредби кои се однесуваат на обврската за склучување на договори со корисниците на услугите за вода за пиење и со давателот на услугата Водостопанство Кумановско Липковско поле не се во целост испочитувани.

ЈП Водовод Куманово смета дека претпријатието презема напори за склучување на договори со корисниците на услугите за вода за пиење на начин што при давање на нови приклучоци задолжително се склучуваат и договори со корисниците на услугите,додека на постоечките корисници им се даваат известувања,во коишто се наведени и законските одредби,но еден дел од корисниците не сакаат да ги склучат договорите ,а претпријатието нема друга законска можност освен за состојбата да го извести општинскиот комунален инспектор,што во неколку наврати е сторено.

Со извршената ревизија за 2020 година Државниот завод за ревизија констатира дека интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени во целост со важечките законски прописи,а привремено ангажираните лица вршат редовни работни задачи за период подолг од две години.

ЈП Водовод Куманово привремено ангажираните лица за период подолг од две години ги има вработено и истите моментално имаат редовен работен однос на неопределено време. ЈП Водовод Куманово смета дека со новите законски решенија со кои вработените во комуналните јавни претпријатија се групираат во три категории и

тоа:административни службеници,даватели на јавни услуги и помошно технички персонал,значително е отежнато функционирањето на јавните комунални претпријатија,има голем број на недоречени работи,нерегулирани т.е недоволно регулирани работи.ЈП Водовод смета дека државата можела, доколку сакала да ја уреди оваа област,пред се во делот на платите,нивоата,образованието на вработените во јавните комунални претпријатија.

Државен завод за ревизија констатира дека попис во 2020 год.на средства и обврски не е целосно и правилно спроведен.

Попис на средства и обврски е целосно и правилно спроведен освен во дел на земјиште, градежни објекти и материјални средства во подготовка бидејќи за дел од нив не достасуваат имотни листови, недостаток на документација и степен на довршеност на инвестицијата која се однесува на матерјални средства во подготовка.

Со извршената ревизија за 2020 година Државниот завод за ревизија констатира дека признавањето на дел од трошоците е без соодветна поткрепувачка документација.

ЈП Водовод Куманово смета дека за трошоците има соодветна документација.

Во делот на наоди и препораки 4.1.3 Државниот завод за ревизија констатира дека интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени во целост со важечките законски прописи т.е дека вредноста на бодот при пресметување на плата не се утврдува секоја година согласно член 88 од Законот за административни службеници.

ЈП Водовод Куманово има донесено одлука за вредност на бод во 2021 година за која одлука има добиено согласност од Советот на Општина Куманово,согласно член 88 од Законот за административни службеници.

Во делот на наоди и препораки 4.1.7 Државниот завод за ревизија констатира дека ЈП Водовод Куманово нема основано единица за внатрешна ревизија,ниту има предвидено во Правилникот за систематизација на работни места во ЈП Водовод Куманово.

На работата на ЈП Водовод Куманово ревизија врши единица за внатрешна ревизија формирана во Општина Куманово.ЈП Водовод Куманово не беше во можност да формира своја единица за внатрешна ревизија од причини што беше под постојана блокада.

ЈП Водовод Куманово има нов ВД Директор именуван со Решение бр.од 09.09.2021 година.

Во делот на наоди и препораки 4.2.4 Државниот завод за ревизија констатира за побарувања спрема вработени во ЈП Водовод Куманово пописната комисија не извршила попис.

Попис на побарувања од вработени е направен од пописна комисија за попис на благајна и наплатни центри, на сметка други побарувања од вработени евидентирани и направени се пописни листи кои се однесуваат на касов максимум задолжен на секој наплатувач од наплатен центар пооделно, а исто и за сметка побарувања од вработени,аконтации за набавки во готово-Верна картички извршен е попис и е евидентиран во пописни листи.

Во делот на наоди и препораки 4.2.5 Државен завод за ревизија констатира во делот за сомнителни и спорни побарувања не е направена исправка на вредност и не е направена проценка на наплатливост на побарувањата.

Спорни и сомнителни побарувања се евидентирани на конто исправка на вредност, а траен отпис не е направен од причина што ЈП Водовод Куманово нема добиено податоци за завршена стечајна постапка на дел од побарувањата како и неизвесност од причина кога и колку може да бидат наплатени спорни побарувања.

ЈП Водовод Куманово

ВД Директор

---------------------------------

Оливер Стојмановски

Јавно претпријатие - Ndërmarrja publike ВОДОВОД ц.о. VODOVOD с.о. Куманово-Kumanovë

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 05.10.2021 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈП „Водовод“ Куманово, бр. 17-181/10 од 27.08.2021 година, од одговорното лице Оливер Стојмановски, в.д. директор на ЈП „Водовод“ Куманово, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-181/11 од 05.10.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба **во резимето** на Нацрт извештајот, која се однесува на искажаното ревизорско мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ЈП „Водовод“ Куманово за 2020 година, како и за усогласеноста со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики, **не се прифаќа,** од причина што даденото мислење е резултат на констатираните наоди во Нацрт извештајот, согласно Законот за државна ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.1.** која се однесува на нерегулираните меѓусебни права и обврски помеѓу давателот Водостопанство Кумановско Липковско поле и корисникот на услугите ЈП „Водовод” Куманово, **не се прифаќа,** поради не доставени докази кои влијаат на утврдената состојба. Во забелешката се наведува дека јавното претпријатие преземало активности за склучување на договори со корисниците на услугите за вода за пиење, но не и за склучување договор со давателот на услугата Водостопанство Кумановско Липковско поле.

3. Забелешката на констатираните состојби **во точката 4.1.3.** кои се однесуваат на неправилности во пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, **претставува известување** за активности кои се преземени и кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во забелешката е наведено дека ЈП „Водовод“ Куманово има донесено одлука за вредност на бод во 2021 година и за истата има добиено согласност од Советот на Општина Куманово, но не е извршено усогласување во делот на основната компонента на плата за ниво, согласно важечките законски прописи.

4. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.4.** која се однесува на привремено ангажирани лица во ЈП „Водовод" Куманово преку Приватна агенција за вработувања **претставува известување** за преземени активности во текот на 2021 година и наведената состојба е соодветно обелоденета во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Во забелешката е наведено дека во текот на 2021 година, за привремено ангажираните лица подолго од две години, спроведена е постапка за вработување на неопределено време и истите имаат редовен работен однос.

5. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.6.** која се однесува реализирани трошоци без соодветна поткрепувачка документација **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба во наодот. Во забелешката е наведено дека за трошоците има соодветна документација без истата да се достави во прилог.

6. Забелешката за констатираната состојба **во точката 4.1.7.** која се однесува на не воспоставена единица за внатрешна ревизија во јавното претпријатие **не се прифаќа,** бидејќи не се доставени дополнителни докази кои влијаат на промена на утврдената состојба, туку истите претставуваат објаснување на причините за непочитувањето на законските одредби кои ревизијата ги има соодветно обелоденето во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

7. Забелешката на констатираните состојби **во точката 4.2.4 . алинеја 1 и 2**, кои се однесуваат на нецелосно и неправилно извршен попис на средствата и обврските, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои ќе ги оспорат констатациите во наодот. Во забелешката се потврдуваат констатираните состојби дека пописот во делот на земјиштето, градежните објекти и материјалните средства во подготовка не е спроведен согласно Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

8. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.4. алинеја 3,** која се однесува на не извршен попис на обврските спрема вработените, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот. Во забелешката е наведено дека е извршен попис на побарувањата од вработените во благајната и наплатните центри, како и попис на побарувањата за аконтации за набавка на гориво, но од страна на субјектот не е доставена документација за извршен попис на обврските спрема вработените на 31.12.2020 година.

9. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.5.** која се однесува на неизвршена проценка за наплатливост на спорните и сомнителни побарувања, **не се прифаќа** од причина што даденото образложение е во насока на потврда на констатираните состојби кое ревизијата го имаше во предвид во текот на извршување на ревизијата. Во забелешката е наведено дека за овие побарувања не е направена проценка и соодветно не е постапено поради немање податоци за завршена стечајна постапка.